РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1291/2
01-07-2022 г./v.

ДКСК — KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 71-та седница одржана на 30.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 12-1291/1 од 24.03.2021 година, за постапка за приватизација на градежно земјиште, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за надлежно постапување, а пријавата да се достави на надлежно постапување на Управата за имотно правни работи.

Предметот со број 12-1291/1 од 24.03.2021 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 24.03.2021 година, поднесена е пријава за постапка за приватизација на градежно земјиште и оформен е предмет број 12-1291/1 од 24.03.2021 година.

Во пријавата подносителот наведува дека правното лице --------------------------- е сопственик на недвижност во -------, со дадени катастарски податоци, а во 2014 година има поднесено барање за приватизација на државно земјиште над кое се градени неговите објекти. Првото барање на подносителот било процесуирано на негово инсистирање, по што во 2017 година е решено негативно со образложение дека во 2015 година подносителот бил информиран да го комплетира барањето и не постапил по истото. Подносителот наведува дека нема примено такво известување, а изразува сомневање дека овој процес е конструиран во корист на правното лице --------------- кое приватизирало земјиште на кое се наоѓаат објектите на подносителот. Правното лице ----------------- на 12.01.2015 година има поднесено барање за приватизација на градежно земјиште до Управата за имотно правни работи ------------ и истиот ден било решено позитивно и била потврдена правосилноста, а следниот ден бил извршен упис во катастарот што според подносителот укажува на злоупотреба на државна сопственост преку јавна функција. Дополнително се наведува дека

на подносителот не му е овозможен увид во Управата за имотно правни работи ---------- во документацијата по неговиот предмет во однос на барањето за дополнување по кое наводно подносителот не постапил.

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК оцени дека истите се однесуваат на управна постапка која е во надлежно постапување на друг орган, по што оцени дека нема елементи за надлежно постапување, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Управата за имотно правни работи.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изготвил: Б.К.Ш.
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Нури Бајрами**